Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 30.09.2024

Денеска (30.09.2024) во 01.10 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.С.(42) од село Студеничани, скопско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.09.2024 во 21.05 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.09.2024 во 19.30 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.П.(34) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.09.2024 во 21.40 часот во Скопје на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(29) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.09.2024 во 20.20 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Џ.Љ.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.09.2024 во 15.35 часот во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Е.Р.(25) и К.К.(36) двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 29.09.2024 во 18.20 часот во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Т.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.09.2024 во 16.40 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на излез од државата, полициски службеници го привеле К.Л.(22) од Косово, затоа што при пасошка контрола било констатирано дека истиот го пречекорил дозволениот престој во државата. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija Скопје за понатамошна постапка.

На 29.09.2024 во 16.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локален пат во с.Липково, кумановско, патничко возило „волксваген голф" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Б.Ц.(28), удрило во велосипед управуван од малолетник, двајцата од с.Липково. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 29.09.2024 во 11.00 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во Гевгелија С.Р.(48) од Гевгелија, додека управувал мотоцикл „хонда" со велешки регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклист, констатирани во Здравствен дом Гевгелија. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гевгелија.

На 29.09.2024 во 13.00 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Г.(29) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 29.09.2024 во 12.35 часот во СВР Тетово било пријавено дека Б.М. (19) од с.Волковија, тетовско, во с.Стенче, тетовско, кај местото викано Стенечки мост на реката Вардар, додека бил на риболов, од реката извлекол торба во која имало седум тромблонски мини. Известен е јавен обвинител, а од страна на екипа на МВР тие се безбедно подигнати.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Е. (54) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". На 23.09.2023 во Тетово пријавениот изведувал градежни работи, односно изградба на објект, без одобрение за градба од надлежна институција.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.И. (57) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 10.01.2023 на регионален пат Тетово-село Пирок, полициски службеници запреле патничко возило „форд транзит", кое било управувано од пријавениот, при што било констатирано дека истиот вршел јавен превоз без да поседува лиценца, издадена од надлежен орган.

На 29.09.2024 во 10 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, А.А.(44) бил физички нападнат од Б.Б.(60), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.09.2024 во 12 часот во СВР Тетово О.К. од Скопје, пријавила дека додека со група планинари пешачеле на планината Љуботен, поточно во близина на планинарскиот дом, се изгубила Л.П.(73) од Скопје. Веднаш по добиената пријава, преземени се мерки и активности за пронаоѓање на лицето. Денеска (30.09.2024) околу 07.30 часот полициски службеници од САЕ Тигар, ја пронашле Л.П., без знаци на живот во местото викано „Ружани камен", во атар на с. Старо село. Известен е јавен обвинител.

На 29.09.2024 во 15 часот во СВР Куманово, Х.П. (67) од Куманово пријавил дека на улицата „Гоце Делчев" во Куманово бил каснат од куче скитник.

На 29.09.2024 во 18.30 часот во Гостивар полициски службеници од ОВР Гостивар, врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна, го привеле И.Д.(35) од Гостивар. Тој е предаден во КПУ Затвор Тетово за издржување на казната.

На 29.09.2024 во 12 часот во СВР Штип, Р.Н.(42) пријавил дека на 26.09.2024 во Штип, бил физички нападнат од А.Н., М.Н., А.Н. и А.Н. сите од Штип, кои употребиле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.09.2024 во 18.23 часот во СВР Штип, 43-годишна жена пријавила дека околу 17.00 часот во нејзиниот дом во Штип била физички нападната од нејзиниот брат И.К. (40) од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.09.2024 во 22.40 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ш.(24) од Скопје, по претходна пријава дека околу 19.30 часот во прифатен центар за бездомни лица во с.Визбегово, скопско, со закана со остар предмет и физичка сила од неговата 23-годишна вонбрачна сопруга ги одвел невните две малолетни деца. Известен бил Центарот за социјална работа, а малолетничките биле вратени на нивната мајка. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветна кривична пријава.

Денеска (30.09.2024) во 02.15 часот во СВР Скопје, 34-годишна жена пријавила дека на 29.09.2024 околу 18.00 часот во семејниот дом во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, била физички нападната од нејзиниот сопруг Ј.К. од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во СВР Скопје, 25-годишна жена од Скопје пријавила дека на 27.09.2024 околу 13.30 часот во семејниот дом на подрачјето на Драчево, таа и нејзината малолетна сестра биле физички нападнати од нејзиниот поранешен партнер А.Ф.(34) од Скопје, кој притоа искршил дел од покуќнината. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.09.2024 во 17.50 часот во СВР Скопје, 29-годишна жена пријавила дека околу 12.15 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, била физички нападната од нејзиниот сопруг З.С.(34) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против Б.А.(34) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „кражба" и „фалсификување исправа". На 07.09.2024 пријавениот од шума, сопственост на јавното претпријатие „Национални шуми" на место викано „Здравец", без одобрение исекол 1,3 кубни метри огревни дрва и истите ги натоварил во патничко возило „опел зафира", на кое биле поставени регистарски ознаки кои му припаѓале на друго возило.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.И.(31) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 06.07.2024 во службена просторија на фирма, пријавениот со тврд предмет физички го нападнал Е.К.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против А.Ф. (41), С.Ф. (38) и С.Ф. (27), сите од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 18.08.2024 пред семејниот дом пријавените физички ги нападнале Е.А. и неговиот син Т.А..

СВР Битола поднесе кривична пријава против Т.А.(24), Е.А.(48), Џ.А.(34), З.А.(41), А.М. (28) и Ш.А.(74) сите од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 18.08.2024 во домот на К.Ф. поради претходна меѓусебна расправија, пријавените почнале да му упатуваат закани, а во расправијата се вмешале братот на К.Ф., А.Ф. и нивната сестра Ш.Ф., со намера да ја смират состојбата, но пријавените физички ги нападнале К.Ф., А.Ф. и Ш.Ф., а употребени биле и тврди предмети.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.Ф.(30) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 26.08.2024 во с.Балиндол, пријавениот по претходна расправија физички ги нападнал А.М., Х.М. и Б.М..

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против С.С. (36) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 31.08.2024 пред продажен објект во Гостивар, пријавениот физички ја нападнал својата партнерка, при што и нанел телесна повреда.
ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против П.Н.(82) од прилепско село, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „полово вознемирување". На 26.08.2024 во селото, пријавениот, полово вознемирувал три малолетници.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Х. (32) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотична дрога, психотропни супстанции и прекурсори". На 11.10.2023 во Тетово полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против И.И (52) од с.Мелница, за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 06.05.2024 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиштол „застава", „ЦЗ 999 скорпион" со калибар 9x19mm, со две рамки за истиот, 35 куршуми калибар 9мм, 15 куршуми маневарски, два куршуми со калибар 7,62, нет куршуми со калибар 9мм за плашливец, четири зрна испукани проектили од пушка и еден куршум 7.9.мм..

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.Ф.(62) од с. Скудриње, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранеца". На 31.08.2024 поради нерасчистен имотно правен спор и по претходна расправија помеѓу пријавената и М.Б., пријавената со тврд предмет се обидела да ја удри малолетната ќерка на М.Б, но не успеала.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет